**Одлука бр. 26**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна седница одржана на ден 19.12.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За именување и регулирање на статусот на КОВИД 19 Офицер**

**Член 1**

На сите меѓународни турнири организирани во Северна Македонија за време на пандемијата КОВИД 19, се именува КОВИД 19 Офицер.
Истиот го именува Натпреварувачко-Судискиот Комитет на ТФСМ во соработка со организаторот и истиот за својот ангажман го исплаќа организаторот.

**Член 2**

Висината на надоместокот за ангажираниот КОВИД 19 Офицер изнесува 1.250,оо денари за секој ден. На истиот му се надоместуваат патните трошоци во договорен разумен износ, како и храна и освежителни пијалоци.

**Член 3**

Обврските, процедурите и задачите на КОВИД 19 Офицерот се регулирани со посебно упатство издадено од ТФСМ, ТЕ и ИТФ.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување и важи за 2023 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2022 година